# Визуелен приказ на Краткорочни економски движења,

јануари 2019 година

## Годишен раст на индустриското производство од 12%




## Ниска годишна инфлација од 1,2%




## Зголемен поврат на ДДВ за 14,8%




## Годишен раст на нето-платата во декември од 8,1%




Индустриското производство во јануари 2019 година забележа висок раст од 12,0% во однос на јануари 2018 година, при што производството на моторни возила забележа раст од 38,6%, а на машини и уреди раст од 21,8%. Бројот на вработени во индустријата во јануари 2019 порасна за 1,2%, споредено со истиот месец минатата година.







Во јануари 2019 година издадени се вкупно 307 одобренија за градење, што претставува раст од 62,4% во однос на истиот месец од 2018 година. Анализирано по објекти, над 50% се наменети за објекти од високоградба, околу 20% нискоградба и останатото се објекти за реконструкција.

Инфлацијата во јануари 2019 година се зголеми за 1,2% во однос на јануари 2018 година. Највисок годишен раст на цените е забележан кај алкохолните пијалаци и тутунот од 4,8%. Цените на мало во јануари 2019 година се повисоки за 0,7% на годишна основа.







Во јануари 2019 година, споредено со јануари 2018 година, вкупните приходи забележаа поголемо остварување за 12,0%, а расходите за 12,2%.Буџетскиот дефицит изнесува 0,1% од БДП. Повратот на ДДВ е повисок за 14,8% во јануари годинава споредено со истиот месец минатата година.

Просечната номинална нето-плата во декември 2018 година оствари годишен раст од 8,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 5,0%. На реална основа платите во декември забележаа годишен раст од 7,2%.




**Целото соопштение Краткорочни економски движења може да се погледне овде.**